Royal Kids House

# ПРИКАЗНИ

„ДЕЦАТА КОИ ГО ПРОМЕНИЈА СВЕТОТ''



Драги Ројалковци

Се наоѓате во шумата пред влезот на светот ДОБРОЛАНДИЈА .Сигурно се прашувате како ги знам вашите имиња,но сега немаме многу време за објаснување! Јас и останатите жители сме во голема опасност! Морате да ни помогнете и да го спасите нашиот свет.

Во Доброландија некогаш владееја среќата, пријателството, соживотот и добрината. Деновите ги минувавме во собирање  овошки и правење на еликсирот на среќата, во пеење песни или во боење на светот со виножитни бои. Но, за жал во Доброландското пророштво беше пишано дека еден ден врз него ќе натежнат темните облаци на себичноста и зависта, кои ќе ги направат нашите жители несреќни и злобни.

Нашите умови ќе бидат зашеметени од овие лоши чуства, па затоа ќе ни треба помош од деца со чисто срце!

И така децата од ROYAL KIDS со своите волшебни алатки отидоа и ја спасија земјата Доброландија.

Направија волшебна напивка од јагоди, малини и капини и сите жители на Доброландија станаа среќни.

Најмили наши другарчиња кога сме дарежливи кон останатите двојно ни се враќа!
Од дамешно време знаемедека ништо не постигнуваме ако она што го имаме само за себе го чуваме.

Облаците на себичноста од небото се расчистуваат кога другарите повторно заеднички соработуваат.

Јагоди, малини, капини и љубов една вреќа,
Соживотот е волшебство и казан полн со среќа!



Royal Kids House

Драги малечки читатели,имам нешто да ве прашам! Сте чуле ли некогаш за авантурата на децата од ROYAL KIDS HOUSE-децата кои го променија светот? Не? Без грижа , јас ке ви раскажам!

Се започна во еден навидум вообичаен ден во шумата Зеленгора, каде децата тргнаа во потрага по шумски јагоди, долж бистрата река тоа не беше обичен подвиг, туку една цела експедиција-потрагата по скапоцени јагоди им беше одамна зацртана цел! Одеднаш кон едно дрво се затрча кучето Чарли, кое беше експерт во барање на јагоди. Кога пристигнаа до дрвото, Чарли започна уште погласно да лае а децата љубопитно започнаа да гледаат, да видат што се крие таму.

Моето последно прашање, дечиња мили, е дали верувате во волшебни вили.
На големо вчудовидување, покрај цветчето црвено децата не најдоа јагоди туку дрвено ковчеже. Во него имаше писмо напишано токму од мене - малечката Ема, од светот ДОБРОЛАНДИЈА, волшебната вила.

Royal Kids House

Страшно е и празно,не гледаме ни едно врапче,
Можеби ќе ни помогне волшебното стапче!
,,Абра-кадабра” ,,Хокус-покус”, волшепство си споменуваме.

Изгледа дека и стапчето не работи, па ние ништо не менуваме.

Но, ќе ја спасиме Доброландија, не не плаши бура, ова ќе биде највозбудливата волшебна авантура!

Ќе дадеме се од себе, ќе превртиме и камен и дрво-гледаме некои јагодести растенија ќе се упатиме таму право!





За да ви помогнам ви подарувам компас кој ќе ви го покаже патот, волшебно стапче со кое магично ќе можете да го претворите лошото во добро и слика од Доброландија  од времето пред доаѓањето на облаците за да ја чувате блиску до срцето и да биде ваша инспирација.

Во нашето пророштво пишуваше дека ќе дојдат децата од  ROYAL KIDS HOUSE!  Ве чекаме!

А сега, одете, имате свет за спасување!

Со љубов,



И така децата од ROYAL KIDS заедно со волшебните алатки тргнаа да го спасат светот Доброландија. Но кога најпосле го здогледа, беа премногу збунети:

Дали  е овој светот  каде секој од радост блика ? Тој не е ни малку сличен со оној од шарената слика.

И изгледа дека вилата ни подарила расипан компас, не не водеше тој дотука, туку некој внатрешен глас!

